**Abstract:** The paper elaborates the Lisbon Treaty provisions regarding the jurisdiction of the Court of Justice of the European Union (CJEU) in the Common Foreign and Security Policy (CFSP). According the Treaty, the CJEU still has no jurisdiction over the CFSP, but includes some changes regarding the Court's possibility to review the legality of Council's acts which impose restrictive measures on individuals. For that purpose, the paper reviews the Lisbon Treaty provisions and some case studies in which the CJEU ruled and reviewed the legality of Council's acts that violate fundamental rights of individuals. The conclusion points out that the Lisbon Treaty did not introduce significant changes to CJEU jurisdiction, but gave recognition to the practice of the Court, wherewith such changes should be additionally considered in order to give more clarity into the legal regulation of the matter, thus boosting the legal certainty and protection of fundamental rights in the EU.
**Key words:** Lisbon Treaty, Court of Justice of the European Union, Common Foreign and Security Policy, jurisdiction

# СУДОТ НА ПРАВДАТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА И ЗАЕДНИЧКАТА НАДВОРЕШНА И БЕЗБЕДНОСНА ПОЛИТИКА

**проф. д-р Ивица Јосифовиќ,**
ФОН Универзитет – Скопје, Република Македонија, ivica.josifovik@fon.edu.mk;
**доц. д-р Златко Кескоски,**
ФОН Универзитет – Скопје, Република Македонија, zlatko.keskoski@fon.edu.mk

**Резиме:** Трудот има за цел разработка на одредбите од Договорот од Лисабон во поглед на јурисдикцијата на Судот на правдата на Европската унија (СПЕУ) во Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП). Според Договорот, СПЕУ и натаму нема јурисдикција над ЗНБП, но сепак, воведени се некои измени кои се однесуваат на можноста Судот да ја разгледува валидноста на актите кои се усвојуваат од Советот, а со кои се наметнуваат рестриктивни мерки на индивидуи. За таа цел, авторот прави осврт на одредбите од Договорот од Лисабон, како и разработка на некои случаи во кои СПЕУ постапувал и ја оценувал легалноста на актите на Советот со кои се повредуваат фундаменталните права на индивидуите. Во заклучокот се наведува дека Договорот од Лисабон не воведува некои значајни измени во поглед на јурисдикцијата на СПЕУ, но сепак, Договорот дава одредено признавање на праксата на Судот, со што таквите измени треба да бидат дополнително разработени со цел да се даде поголема јасност на правната регулатива на прашањето, зајакнувајќи правната сигурност и заштитата на фундаменталните права во ЕУ.
**Клучни зборови:** Договор од Лисабон, Судот на правдата на Европската унија, Заедничка надворешна и безбедносна политика, јурисдикција

## 1. ВОВЕД

Надлежноста на Судот на правдата на Европската унија (СПЕУ) во областа на Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) била забранета уште од создавање на примарното право на Европската заедница (ЕЗ). Со Договорот за Европската унија (ДЕУ) овие прашања се регулирани во Дел 7[188], а подоцна со Договорот од Амстердам во член 46.[189] Откако Судот нема надлежност во актите на ЗНБП, таквите акти не можат да бидат поништени од Судот согласно член 230 од Договорот за Европската заедница (ДЕЗ). Дури и пред стапувањето во сила на Договорот од Лисабон (ДЛ), оваа правна основа му овозможи на СПЕУ да утврди дека и покрај отфрлањето на надлежноста во областа на ЗНБП, може да задржи некои овластувања за разгледување на инструментите усвоени во Дел 5 од ДЕУ.[190]

ДЛ направи одредени алтернативи во опсегот и начинот на регулирање на надлежноста на СПЕУ во областа на ЗНБП. Во моментов тоа е регулирано со членот 24 од ДЕУ, специфицирајќи дека СПЕУ нема да има надлежност над ЗНБП, со исклучок на неговата надлежност да ја надгледува

[188] Treaty on European Union, OJ C191/01, July 29, 1992
[189] Treaty of Amsterdam Amending the Treaty on European Union, the Treaties Establishing the European Communities and Certain Related Acts, OJ C 340/1, November 30, 1997
[190] Case T-14/98, *Heidi Hautala v. Council,* ECR II-2489, 1999

легалноста на одредени одлуки како што е предвидено со членот 275 (2) од Договорот за функционирање на Европската унија (ДФЕУ).[191] Тоа вклучува експлицитна изјава дека СПЕУ нема да има надлежност над ЗНБП, иако истовремено експлицитно предвидува дека, сепак, СПЕУ ќе има надлежност да разгледува а) дека опсегот на овластувањата на Европските институции и процедури согласно членот 40 од ДЕУ не се под влијание од примената на ЗНБП, како и б) легалноста на одлуките на ЗНБП кои предвидуваат рестриктивни мерки против физички или правни лица усвоени во рамките на ЗНБП.

## 2. КОНТЕКСТ НА ИСКЛУЧЕНОСТ НА НАДЛЕЖНОСТА НА СПЕУ ВО ОБЛАСТА НА ЗНБП

Првиот документ кој ја исклучува можноста за надлежност на СПЕУ во областа на ЗНБП е ЕЕА. Ова не е значително изменето во ДЕУ, иако Договорот од Мастрихт воведе позитивна листа на области во кои СПЕУ ќе има надлежност, а ЗНБП не беше вклучена. Имено, Нацрт договорот од Мастрихт ја предвиде можноста Судот да ја надгледува легалноста на примената на процедурите за одлучување. Сепак, ваквата одредба не влезе во конечниот текст поради недостатокот од консензус. Прашањето било покренато кога се расправаше и за Нацрт-Уставот на ЕУ, каде беа предвидени неколку опции:

1. да се одржи статус квото, но да се разгледаат членовите 60 и 301 од ДЕУ, за да се направат експлицитни одредби за можноста од усвојување на економски санкции против индивидуи;
2. да му се даде на националниот суд можност од користење на процедурата за претходно одлучување по прашања поврзани со имплементација на одлуките во ЗНБП;
3. да се земе во предвид можноста од давањето права на индивидуите да поведат дејства пред СПЕУ (а) дали за поништување на одлуките на ЗНБП кои се од директна или индивидуална грижа за нив или (б) единствено за тврдењата за штети засновани на нелегалноста на актот, но без СПЕУ да може да го поништи актот или да го прогласи за неважечки.[192]

Иако, Уставот не стапи во сила, значителни одредби се прифатени во ДЛ. Беа предложени и други опции, како што е правото на институциите да го прашаат СПЕУ да ги поништи одлуките на ЗНБП, проширувањето на надлежноста на СПЕУ над прашањата од ЗНБП под истите услови кои се применуваат за политиките од првиот столб и можноста институција или држава-членка да побара претходно мислење од СПЕУ за испитување дали предвидената меѓународна спогодба од областа на ЗНБП би била компатибилна со одредбите на Договорите.

На крајот, клучниот предлог за да се обезбеди СПЕУ со надлежност над ЗНБП, вклучително и проширувањето на постапката за претходно упатување во оваа област, е утврдено како политички неприфатливо: конечниот текст од Нацрт-Уставот експлицитно наведе дека СПЕУ нема да има надлежност во однос на прашањата од ЗНБП. Прашањето не било повторно отворено за време на преговорите за ДЛ, со што формулацијата остана заборавена.

## 3. ПРАВОТО НА СПЕУ ДА ЈА НАДГЛЕДУВА УСОГЛАСЕНОСТА СО ЧЛЕНОТ 40 ОД ДФЕУ

По Лисабон, членот 40 од ДЕУ предвидува: „Спроведувањето на заедничката надворешна и безбедносна политика нема да влијае на примената на процедурите и опсегот на надлежностите на институциите, утврдени во Договорите во однос на остварување на надлежностите на Унијата, споменати во членовите од 3 до 6 од ДФЕУ. Исто така, спроведувањето на политиките наведени во тие членови нема да влијае на примената на процедурите и опсегот на надлежностите на институциите, утврдени во Договорите во однос на остварување на надлежностите на Унијата според ова поглавје.“

Верзија на оваа одредба била презентирана уште во ДЕУ во својата оригинална формулација како и во член 47 од Договорот од Амстердам. Специфицирано е дека „ништо во Договорот нема да влијае на Договорите со кои се воспоставуваат Европските заедници или наредните договори и акти кои ги модификуваат или дополнуваат.“ Оваа одредба е интерпретирана за две цели: а) како одредба која Договорот треба да ја применува во случај на нивен конфликт; и б) рефлектирање на целта на ЕУ за зачувување на интегритетот на своето *acquis communautaire*.

Сепак, во насока на позитивната формулација од членот 46 од ДЕУ во однос на надлежностите на СПЕУ, неколку држави-членки беа на став дека ДЕУ во својата оригинална формулација ја исклучува можноста СПЕУ да утврдува дали акт усвоен во ЗНБП не ги повредува надлежностите на ЕЗ. Овој аргумент за прв пат е употребен во случаи кои се однесуваат на третиот столб и веднаш бил отфрлен, откако Судот утврди дека е негова одговорност да обезбеди дека актите кои потпаѓаат под опсегот на третиот столб нема да ги повредат надлежностите кои и се доделени на Заедницата со ДЕЗ.

---

[191] Consolidated Versions of the Treaty on European Union and the Treaty on the Functioning of the European Union, OJ C 83/1, March 30, 2010

[192] European Convention, Final Report of the Discussion Circle on the Court of Justice, CONV 636/03, 25 Mar 2003.

Не требало многу време за СПЕУ да го потврди своето право да ја применува оваа функција и во однос на ЗНБП. Првиот обид да се појави во случајот *„Miscovic and Karic“*[193] каде апликантите бараа поништување на одлука на Советот за имплементација на Заедничка позиција за рестриктивни мерки против ФР Југославија и вклучи листа на индивидуи кои беа подведени на обврска на неприфаќање во државите-членки. Апликантите тврдеа дека мерките спаѓаат во ексклузивните надлежности на ЕЗ, а со тоа оспоруваа дека одлуката е погрешно заснована на делот 5 од ДЕУ. Како и да е, овој случај е отстранет од листата пред СПЕУ да може да го разгледува прашањето.

Можноста да се потврди дека членот 47 служи како основа за надлежноста на СПЕУ се појави во случајот *„Small Arms and Light Weapons“*.[194] Во него Европската комисија (ЕК) барала поништување поради недостаток на надлежност во одлуката на Советот за имплементирање на заедничка акција, на основа на тоа дека актот усвоен од Советот во рамки на ЗНБП ги повредува надлежностите на ЕЗ за развој и соработка и, поради тоа, прекршување на членот 47 од ДЕУ. ЕК, претходно, согласно своите овластувања склучи Регионална програма за Западна Африка, за превенција од конфликти и добро владеење и одложување на извозот, увозот и производството на лесното оружје. Според тоа, во мислењето на ЕК, склучувањето на заедничката акција ги повреди надлежностите на ЕЗ. Советот, Велика Британија и Шпанија повторно аргументираа дека СПЕУ нема јурисдикција да одлучува по легалноста на мерки кои потпаѓаат во рамки на ЗНБП, а со самото тоа и на легалноста на оспоруваната заедничка акција. Судот не се согласи, потврдувајќи дека е негова задача да обезбеди дека актите кои влегуваат во рамки на Делот 5 од ДЕУ не ги повредуваат овластувањата кои и се пренесени на Заедницата со ДЕЗ.

Понатаму, член 40 од ДЛ вклучува друга новина која не била вклучена во поранешниот член 47 од ДЕУ: „спроведувањето на ЗНБП нема да влијае на примената на процедурите и опсегот на овластувањата на институциите наведени во Договорите за извршување на надлежностите на ЕУ“. Иако нова, оваа одредба ги кодификува наоѓањата на СПЕУ, во линија со прецедентното право каде ретерираше дека недостаток од јурисдикција на Судот да ја оценува легалноста на одредени ЕУ документи не го намалува неговото овластување на судско разгледување околу прашањата кои се однесуваат на јавен пристап до тие документи. Сумирано, членот 40 од ДЕУ вклучува појасна интерпретација утврдувајќи експлицитно дека надлежностите на ЗНБП не треба да ги повредуваат другите надлежности на ЕУ и дека тоа е во надлежност на СПЕУ.

## 4. ЗГОЛЕМЕНА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ФИЗИЧКИТЕ ЛИЦА

**Рестриктивни мерки против приватни лица:** Членот 215(2) од ДФЕУ во моментов обезбедува дека „кога одредена одлука донесена во согласност со Поглавје 2 од Наслов 5 на Договорот за Европската унија ... Советот може да донесе рестриктивни мерки ... против физички или правни лица, групи или недржавни субјекти.“ Иако претходните членови 60, 301 и 308 од ДЕЗ се однесуваа само на мерките преземени против трети држави и поради тоа експлицитно не се дозволувала можноста за усвојување на економски и финансиски санкции против индивидуи, во пракса одредбата била широко интерпретирана од Советот, како дозволување за ваквата можност. Ова било потврдено во одлука на Судот од Прва инстанца (СПИ) во случајот *„Kadi“*[195] и пресуда од СПЕУ по жалба.[196]

Во случајот, според членот 60 од ДЕЗ (кој го овластува Советот да преземе потребни итни мерки околу движењето на капиталот и плаќањата во однос на трети држави) и членот 301 (кој овозможува имплементација на мерките на ЗНБП во поглед на економските односи со една или повеќе трети држави), СПИ утврди дека намерата за санкционирање мора да биде една или повеќе трети држави. Како и да е, СПИ ќе дозволи санкции насочени кон индивидуи според членовите 60 и 301 од ДЕЗ се додека овие санкции бараат да ги ограничат економските односи со една или повеќе трети држави. Понатаму, санкциите против таквите индивидуи може да бидат сметани како еквивалентни на санкциите насочени кон трета држава само доколку засегнатите индивидуи се поврзани со владата и територијата на третата држава. Во ставот на СПИ, недостатокот од таква врска меѓу Кади и било која држава значи дека овие конкретни санкции потпаѓаат под опсегот на членовите 60 и 301 од ДЕЗ. Понатаму, во ставот на СПИ, членот 308 од ДЕЗ – кога ЕЗ нема експлицитна или имплицитна власт да ја оствари целта на Договорот во однос на заедничкиот пазар – не може да ја овласти ЕК со автономни овластувања бидејќи спорната регулатива не служи на целите кои се утврдени во ДЕЗ. Како и да е, иако Судот ги отфрли членовите 60, 301 и 308 од ДЕЗ како правна основа за наметнување на санкции против

---

[193] Case T-349/99, *Miroslav Miskovic v. Council of the European Union*; Case T-350/99, *Bogoljub Karic and four others v. Council of the European Union*, OJ 2000

[194] Case 91/05, *Commission v. Council* (*Small Arms and Light Weapons case*), ECR I-3651, 2008

[195] Case T-315/01, *Yassin Abdullah Kadi v. Council and Commission,* ECR II-3649, 2005

[196] Joined cases C-402/05P and C-415/05P, *Yassin Abdullah Kadi and Al Barakaat International Foundation v. Council of the European Union and Commission of the European Communities,* ECR I-6351, 2008

индивидуи, сепак го прифати аргументот дека комбинацијата на сите три члена може да служи како основ за оспорената регулатива. Судот ги разгледа членовите 60 и 301 од ДЕЗ како членови кои обезбедуваат општ премин меѓу целите на ЕУ и ДЕЗ, овозможувајќи и на ЕЗ да дејствува за унапредување на целите на ЗНБП. Поради тоа, ако специфичните овластувња на ЕЗ се недоволни да служат на овие утврдени цели, ЕЗ може да се повика на членот 308 од ДЕЗ како дополнителна правна основа во корист на целите на ЗНБП. Оттаму, според гледиштето на Судот, Советот бил надлежен за усвојување на спорната регулатива.

Уште еден начин да се интерпретира истиот проблем е сугерирано од страна на Големиот совет. Судот не се согласи во поглед на членовите 60 и 301, како и на тоа дека членот 308 може да служи како правна основа за имплементација на режимот на санкции. Судот не се согласи и со ставот на СПИ дека членот 301 може да се смета како општ премин за вметнување на целите на ЗНБП во првиот столб, но најде дека правото на наметнување рестриктивни мерки со цел да се имплементираат акции усвоени во рамки на ЗНБП, членовите 60 и 301 од ДЕЗ претставуваат израз на имплицитно подвлечени цели, имено за усвојување на мерки преку ефикасна употреба на инструментите на ЕЗ. Таквата цел може да се смета како воспоставување на цел на ЕЗ за потребите на членот 308 од ДЕЗ. Сумирано, Големиот совет на СПЕУ најде дека членовите комбинирано може да служат како правна основа за санкции во наведениот случај, а општо против приватни лица.

**Проширено право на директен пристап до СПЕУ:** Според ДЛ, СПЕУ ќе има јурисдикцијата да ја разгледува легалноста на одлуките кои обезбедуваат рестриктивни мерки против физички и правни лица усвоени од Советот во областа на ЗНБП, ако успеат да ја докажат нивната индивидуална и директна загриженост од мерката.[197] Со ДЛ директно може да се напаѓаат и мерки на ЕЗ кои немаат потреба од имплементација. Членот 263 од ДФЕУ јасно утврдува дека индивидуа може да нападне легислативен акт, иако останува нејасна формулацијата на правото на пристап до СПЕУ, откако концептот на регулаторни акти не е дефиниран, туку терминот „регулаторен акт“ е повеќе префериран од терминот „акт со општа примена“. Досега приватните лица се соочуваа со одредени потешкотии во овој поглед. Класични случаи се *„Segi“*[198] и *„Gestoras pro Amnistia“*.[199] Имињата на апликантите беа вклучени во листата на терористи, групи и тела согласно заедничка позиција на Советот како мерка од третиот столб чија легалност не може да се оспорува пред СПЕУ. Слично, апликантите не можеа да го упатат случајот ниту пред домашните судови, бидејќи не постоеја мерки за имплементирање. Тужбата е поднесена пред СПИ како тужба за штета како резултат на отсуство на правен лек, предизвикана со вметнување на листата во инструмент усвоен во рамката на меѓувладината соработка.

СПИ ја отфрли тужбата како недопустлива, со тврдење дека има недостаток од јурисдикција за сослушување и постапување по тужбата на апликантот за штета и бидејќи и тужителите не успеаа да наведат дека бил игнориран било каков правен основ од ДЕЗ. По жалбата, СПЕУ ја потврди интерпретацијата на СПИ во однос на правото на сослушување и постапување по тврдењата за нанесена штета. Според Судот, Договорите воспоставија систем на правни лекови во кои јурисдикцијата на Судот е помалку ектензивна и само државите-членки може да го реформираат тој систем. Сепак, Судот призна дека законитоста на заедничките позиции усвоени на основ на членот 34 од ДЕУ може да се разгледува преку индиректни оспорувања пред националните судови, доколку таквиот акт покренува сериозно сомневање околу неговата намера да произведе правни ефекти кон трети страни.

ДЛ, исто така, посвети внимание и на значењето на процедуралната правна заштита според членот 24(1) од ДЕУ и членот 215 од ДФЕУ. Почитувањето на основните права и слободи особено значи заштита и почитување на соодветните процесни права на засегнатите поединци или субјекти. Со цел да се гарантира темелно правно разгледување на одлуките што го обврзуваат поединецот или субјектот на рестриктивни мерки, таквите одлуки мора да се засноваат на јасни и разграничени критериуми. Овие критериуми треба да се дефинирани врз основа на спецификите на секоја рестриктивна мерка.

И покрај тоа што ДЛ овозможува ЕУ да пристапи кон ЕКЧП, некако е неконзистентно што идејата за проширување на јурисдикцијата на СПЕУ со правото да се прифатат претходните упатувања од националните судови не го најде своето место во дополнувањето на Договорот. Треба да се има во предвид дека повеќето значајни измени поврзани со заштитата на фундаменталните права во ЕУ се појавија како резултат на упатувањата од националните судови за претходни одлучувања.

Сепак, иако Договорот експлицитно не ја обезбедува можноста за претходни упатувања, тоа не значи и дека е исклучена. Откако е прифатено дека Судот има јурисдикција да ги разгледува

---

[197] Член 24, став 1 од ДЕУ и член 275 од ДФЕУ, според кој „Судот е надлежен ... да одлучува во постапки поведени во согласност со условите утврдени во четвртиот став на член 263 од овој Договор, да ја разгледува законитоста на одлуките кои предвидуваат рестриктивни мерки против физички или правни лица донесени од Советот.“

[198] Case C-355/04, *Segi,* ECR I-01657, 2007

[199] Case C-354/04, *Gestoras pro Amnistía,* ECR I-01579, 2007

рестриктивните мерки против физички и правни лица преку директно дејствување, не постои причина зошто треба да биде ограничено нивното напаѓање. Ваквиот аргумент е извлечен од случајот *„Foto-Frosst“*[200], според кој, националниот суд мора да поднесе барање за претходно одлучување до СПЕУ, доколку прашањето кое е покренато е поради преземена ЗНБП мерка (или мерка на третиот столб) која е имплементирана во националното право, а таквата мерка требала да биде преземена според ДЕЗ.

Иако ДЛ не направи значителни измени во јурисдикцијата на СПЕУ над мерките на ЗНБП, измените треба да бидат поздравени бидејќи ги потврдуваат правните лекови кои им се достапни на приватните лица и го овластуваат СПЕУ да зема во предвид поголем опсег на тврдења отколку порано.

## 5. ЈУРИСДИКЦИЈАТА НА СПЕУ ВО ПОГЛЕД НА ЗНБП МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

ДЛ воведе одредени измени и во однос на склучувањето на меѓународните договори. Потребата за вакви измени се појави кога ДЛ го укина системот на три столба. Постоела забуна околу прашањето дали со Договорите СПЕУ треба да има јурисдикција да дава претходни одлуки над компатибилноста на спогодбите на ЗНБП со трети држави или меѓународни организации. Ова е сега утврдено со членот 218(11) од ДФЕУ, кој е формулиран на општ применлив начин и не предвидува исклучоци: „Држава-членка, Европскиот парламент, Советот или Комисијата може да добијат мислење од Судот на правдата за тоа дали предвидената спогодба е компатибилна со Договорите. Кога мислењето на Судот е негативно, предвидената спогодба не може да влезе во сила, освен ако не се измени или ако Договорите се ревидираат.“ Овој аргумент е заснован на членот 275 од ДФЕУ: „Судот на правдата на Европската унија не е надлежен за одредби во врска со заедничката надворешна и безбедносна политика, ниту во врска со актите донесени врз основа на тие одредби.“ Сепак, според размислувањето на Судот во случајот *„Gestoras pro Amnistia“*, изгледа дека Судот не треба да ги чита Договорите како што се дополнети. Аргументирано, измената на изгледот на формулацијата на јурисдикцијата на СПЕУ движејќи се од насока на позитивна листа на области во кои Судот има јурисдикција до идентификација на исклучоци во кои нема, треба да биде доволно за да се најде дека Судот ќе биде компетентен да дава претходни мислења во однос на меѓународните договори во областа на ЗНБП.

## 6. ЗАКЛУЧОК

Измените во регулирањето на јурисдикцијата на СПЕУ со ДЛ се повеќе скромни и ја потврдуваат воспоставената практика. Клучната измена е во формулацијата на членот 40 од ДЕУ, која е слична со поранешниот член 46 од ДЕУ, иако оваа сличност измамува. Јурисдикцијата на СПЕУ со ДЛ е проширена како општо правило низ целиот текст на Договорот, освен за оние инстанци каде што е јасно исклучена со членот 275 од ДФЕУ. Пред тоа, јурисдикцијата на СПЕУ со ДЕУ била генерално исклучена, особено во оние области каде што било јасно потврдено и исцрпно наведено во членот 46. Иако двете одредби ги исклучуваат прашањата кои се однесуваат на ЗНБП од судска супервизија, измената ја отвора можноста за поширок пристап на јурисдикцијата на СПЕУ.

ДЛ остави неколку области кои се отворени за интерпретација во поглед на тоа дали Судот ќе се стекне со поголема јурисдикција: прво, правото да постапува по претходни упатувања над мерките на ЗНБП, и второ, правото да даде претходно мислење во однос на меѓународните спогодби склучени во областа на ЗНБП. Измената во начинот на регулирање може да биде доволна за Судот да ги интерпретира нејаснотиите во корист на воспоставување на јурисдикцијата во овие области.

Конечно, бројните измени воведени со ДЛ ги зајакнуваат процесните права на физичките лица, преку овластувањето на СПЕУ да постапува и одлучува по тврдења за штети, што ќе произведе проширување на јурисдикцијата на СПЕУ во оваа област., како резултат на усвојување на рестриктивни мерки од Советот. Од друга страна, експлицитните амандмани во ДЛ единствено покажуваат рефлектирање на наодите на СПЕУ и го претставуваат таквото регулирање со поголема јасност. Таквата зајакната јасност е добредојдена како придонес за правната сигурност, а со тоа и подобрување на системот на фундаменталните права во ЕУ.

## БИБЛИОГРАФИЈА


[1] Case 91/05, *Commission v. Council* (*Small Arms and Light Weapons case*), ECR I-3651, 2008
[2] Case 314/85, *Foto Frost v. Hayptzollamt Lubeck-Ost,* ECR 4199, 1987
[3] Case T-14/98, *Heidi Hautala v. Council,* ECR II-2489, 1999
[4] Case T-315/01, *Yassin Abdullah Kadi v. Council and Commission,* ECR II-3649, 2005
[5] Case T-349/99, *Miroslav Miskovic v. Council of the European Union*;
[6] Case T-350/99, *Bogoljub Karic and four others v. Council of the European Union,* OJ 2000
[7] Case C-354/04, *Gestoras pro Amnistía,* ECR I-01579, 2007
[8] Case C-355/04, *Segi,* ECR I-01657, 2007


[200] Case 314/85, *Foto Frost v. Hayptzollamt Lubeck-Ost,* ECR 4199, 1987

[9] Consolidated Versions of the Treaty on European Union and the Treaty on the Functioning of the European Union, OJ C 83/1, March 30, 2010
[10] European Convention, Final Report of the Discussion Circle on the Court of Justice, CONV 636/03, 25 Mar 2003.
[11] Joined cases C-402/05P and C-415/05P, *Yassin Abdullah Kadi and Al Barakaat International Foundation v. Council of the European Union and Commission of the European Communities,* ECR I-6351, 2008
[12] Treaty on European Union, OJ C191/01, July 29, 1992
[13] Treaty of Amsterdam Amending the Treaty on European Union, the Treaties Establishing the European Communities and Certain Related Acts, OJ C 340/1, November 30, 1997